ROMA EDUCATION FUND

romaversitas
north macedonia

Funded by
the European Union



# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ЗАДРЖУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИ РОМИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ, ТРАНЗИЦИЈА КОН ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И/ИЛИ ПРЕМИН НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

# INCREASING RETENTION RATE AND PARTICIPATION OF ROMA STUDENTS IN SECONDARY EDUCATION, TRANSITION TO TERTIARY EDUCATION AND/OR TRANSITION TO THE LABOUR MARKET

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ЗАДРЖУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИ РОМИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ, ТРАНЗИЦИЈА КОН ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И/ИЛИ ПРЕМИН НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

# INCREASING RETENTION RATE AND PARTICIPATION OF ROMA STUDENTS IN SECONDARY EDUCATION, TRANSITION TO TERTIARY EDUCATION AND/OR TRANSITION TO THE LABOUR MARKET

The project is funded by the European Commission through the Directorate- General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations and is implemented by Roma Education Fund Romania and Roma Education Fund Serbia

Funded by
the European Union

ROMA EDUCATION FUND

## 1. Средношколци и млади Роми во Република Северна Македонија

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на учениците во редовните средни училишта, на почетокот на учебната 2024/2025 година, изнесува 67143, што претставува намалување за 0.2 % во однос на претходната учебна година.

Извештајот на Европската комисија, нотира дека  во учебната 2023/2024 година вкупниот број на ромски деца во секундарното образование било 1.970 ученици, од кои околу две-третини биле приматели на стипендии (извор Извештај на Европската комисија )

Во учебната 2023/2024 година, 2,7 % од учениците Роми (околу 1 867 ученици) биле запишани во средното образование, а 94 % од нив (1 772 ученици) го завршиле успешно своето образование . Други извори наведуваат дека само 36,9 % од Ромите стигнуваат до диплома за средно образование, односно само 37 од секои 100 Роми ја завршуваат средната стручно-техничка спрема (извор https://romalitico.org/wp-content/uploads/2024/02/shadow-report-implementation-of-the-roma-strategy-20212022-mk.pdf)

Бројот на регистрирани невработени Роми во АВРСМ е околу 10% (10.388 Роми), од кои 93% односно 9.677 лица се Роми без завршено образование или со завршено основно образование, 4,13% (430 лица) се со завршено средно образование. Голем дел од заедницата и понатаму останува активна во неформалната економија.

Според Министерството за образование и наука, 97% (10.787 ученици) од запишаните 6% односно 11.055 ученици Роми за учебната 2023/2024 го комплетирале основното образование, додека пак 94% (1.772 ученици) од запишаните 2,7% (1.867 ученици) Роми во учебната 2023/2024 го комплетирале средното образование. Ова укажува на тоа дека стапката на осипување е намалена и Ромите имаат тенденција да го комплетираат своето образование.

Кај бројот на стипендии за ученици Роми во средното образование и за учебната 2024/2025 година има зголемување од 920 на 1.200.  Како активна мерка регулирана со Конкурсот за упис во средните училишта согласно точка . Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми

Број на запишани средношколци според официјално достапни информации по учебни години во државни и приватни училишта (во приватните училишта во учебната 2022/2023 имаше запишано само 1 ученик Ром додека пак во учебната 2023/2024 имаше запишано 2 ученици Роми).  Во учебната 2022/2023 биле 656 женски ученици и 740 машки, додека пак во во учебната 2023/2024 имало 653 женски ученици и 709 машки . Според прибраните податоци 29% од запишаните средношколци  во учебната 2022/2023нив се запишани во средното училиште во Шуто Оризари, додека пак во учебната 2023/2024, 30% од средношколците за запишани во средното училиште во Шуто Оризари

| | 2022/2023 | | 2023/2024 |
|---|---|---|---|
| | Роми | | Роми |
| Државни училишта | Вкупно | 1 396 | 1 362 |

Според табелата за период од последните достапни информации во 2023/2024 година бројот на запишани ученици Роми во средното образование е намален за 2,5 %.

Додека пак влезот и бројот на ученици во основото образование за истиот период расте и се зголемува за 0.5 %

Funded by
the European Union

Ученици во редовни основни училишта според припадност кон етничка заедница, по општина, по пол, по учебна година




| | 2022/2023 | 2023/2024 |
|---|---|---|
| | Роми | Роми |
| | Вкупно | Вкупно |
| Република Северна Македонија | 9 959 | 10 014 |

Клучни факти за ромските средношколци во Северна Македонија Бројот на ученици во редовните средни училишта (2024/2025):

- 67.143, минимално намалување од 0,2 % во однос на претходната година.
- Број на ромски ученици во средното образование (2023/2024): 1.970, две-третини примале стипендии.
- Степен на завршување на средното образование кај Ромите: само 36,9 % завршуваат средна стручно-техничка спрема.
- Невработеност меѓу Ромите: 10 %, од кои 93 % се без завршено средно образование.
- Поддршка преку стипендии: зголемување од 920 на 1.200 за учебната 2024/2025 година; можност за упис со до 10 % помалку поени.
- Трендови: и покрај напредокот, Има потреба од континуирана поддршка во текот на средното образование.

2.Зголемување на образовниот успех кај Ромите: поддршка за задржување и завршување на средното образование.

Образованието е клучен фактор за социјална инклузија и економска самостојност, особено за маргинализираните заедници како Ромите. И покрај зголемениот пристап до основното и средното образование, многу ромски ученици се соочуваат со предизвици кои го отежнуваат задржувањето и успешно завршување на средното образование.

Затоа неопходно е да прдолжни поддршката за зголемување на образовниот успех кои вклучуваат

мерки како:
Стипендии и финансиска помош за покривање на трошоци за учење, превоз и други потреби.
Менторство и академска поддршка, со цел да се намали стапката на напуштање на училиштата и подобрување на квалитетот на учениците Роми во средното образование.
Пристапност при упис, како можност за запишување со до 10 % помалку поени за учениците Роми.
Интеграција и активна работа со поширок круг на луѓе, тренинзи и создавање поддржувачка средина за образование.
Целта на овие иницијативи е да се обезбеди континуирана поддршка низ целото средно образование, со што се зголемува шансата на учениците Роми успешно да го завршат образованието и да се подготват за понатамошно образование или влез на пазарот на труд.
Во рамките на проектот Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во средното образование и транзицијата на пазарот на трудот", финансиран од Европска Унија и РЕФ, во втората година од спроведување на проектот се спроведуваа следните активности :

- Менторство  и туторство
- Поддржани мотивациски средби за продолжување на образованието и можности за вработување
- Следење на уписот на средношколците Роми во високото образование и процесот на нивно вклучување на пазарот на труд
- Средношколски, студентски и алумни состаноци за разгледување на идни иницијави за унапредување на меѓусебната соработка и вмрежување
- Кариерно советување
- Подобрување на перформансите и вештините кои се неопходни за успешна транзиција од образование до вработување Активација на пазар на труд и.
    - Курсеви ( компјутери и анг јазик)
    - Работни пракси

Целната група на проектната иницијатива спроведена од Ромаверзитас се однесува на максимум 10 лица како главна група на корисници на активностите предвидени на проектот. Во текот на учебната година 2024/2025, наголемиот дел од основната целна група од различна возраст, беше вклучена во наведените 5 проектни активности во кој што беа понудени 38 поединечни проектни активности: за туторство(10), менторство (10), подготовка на кариерни планови (10), курсеви за компјутери (4) и англиски јазик (4). Исто така така 10 нови средношколци беа вклучени во тренингот за активација на пазарот на труд и академските перформанси за подобрување на вештините потребни за успешна транзиција на пазарот на труд, во активностите поврзани со функционирање и градење на мрежата од средношколците и практиканство. Според проектните податоци, Ромаверзитас работеше со 30 средношколци кои беа вклучени во наведените активности, при што 10 средношколци беа вклучени во 5 проектни активности од 8 предвидени ( 62%) , додека пак 10 нови средношколци беа вклучени во 25 % од активностите на проектот и 10 нови средношколци во 12 % од активностите на проектот.
Олеснување на транзиција кон пазар на труд преку вработливост
Според расположливите податоци од Агенцијата за вработување, во однос на занимањето, а имајќи го предвид степенот на знаење, односно нивото на образование кои се потребни за вршење на работите и задачите во занимањето, приоритет при новите вработувања во наредните би имале следните занимања
Со средно образование (програми на средно образование): шивач, продавач, келнер, магационер, заварувач, шивач на текстил, подготвувач на тутун за обработка, касиер, возач на камион, на товарно возило, на лесни доставни возила, на автобус, возач на такси, бравар, градежен работник, готвач, обезбедувач(заштита на имот и лица), контролор на игрите во казино, шанкер, оператор за производство на инсталации, оператор во кол-центар, електричар за одржување, диспечер во патен

Funded by
the European Union

сообраќај, чевлар, угостителски работник, работник на бензиска пумпа, одржувач на уреди за точење на гориво, пекар, кројач, еко хигиеничар, составувач на акумулатори, армирач, администартивен службеник, електромонтер, слаткар, монтер на мебел, месар, столар, ѕидар мајстор, тапетар, автомеханичар, ракувач со вилушкар, тесар, автолакер, автолимар-мајстор, брусач на метал, фасадер и други и тнт

Најголемиот дел од активностите на проектот ( 62 %) беа фокусирани на полесна транзиција на пазар на труд и зголемување на вработливоста и тоа преку тренинг, подготовка на кариерен план и кариерно советување, практиканство, јазични курсеви и компјутери. Активностите се наменети со цел на сите овие лица според побарувањата на пазарот на труд да им овозможат подготовка и полесна транзиција на пазарот на труд после завршувањето на образование.

Стекнување на работни вештини на преку директно учество во работниот процес

Според фидбекот од страна на средношколците како најдиректна мерка за помош во зголемувањето на вработливоста на младите Роми е токму практиканството.

Денес речиси сите работни места бараат основни ИТ вештини (Word, Excel, е-пошта, интернет пребарување, онлајн апликации). Пристап до информации и огласи за работа – Преку интернет можат полесно да најдат огласи за вработување, да се поднесат CV, и да се учи онлајн.

Да се отворат можности за хонорарна работа и самовработување. Ова се основните можностиза секоја идна професија, кои ја поттикнуваат самодовербата на младите Роми и ја намалуваат дискриминацијата (работодавците полесно ги прифаќаат).

Ромаверзитас на 4 средношколци во согласност со проектните активности преку јавен оглас им понуди можност за пракса во различни регистрирани правни субјекти за да може да ги стекнат основните работни вештини

Јазични курсеви и компјутери

Заради се почестите барања во приватниот и државниот сектор за познавање на странски јазик ( англиски) и подршка во процесот, Ромаверзитас и во рамките на оваа учебна година нудеште подршка за 4 (четири) средношколци да бидат вклучени во курсот за англиски и курсот за компјутери.

Познавањето на англискиот јазик на ниво на основна комуникација како и директната поддршка од Ромаверзитас, ми значи затоа што можам да бидам поконкурентен на пазарот на труд и полесно да најдам работа , вели еден од средношколците вклучени во овој курс.

Курсот за компјутери е онлајн и е флексибилен како по однос на времето така и по однос на динамиката на часот. Се стекнав со знаење кој што на друг начин не би можем да го знам, вели друг средношколец вклучен во оваа активност.





Тренинг за активација на пазар и надоградување на академските перформанси

Во јули 2025 година се одржа дводневен Трениг за активирање на пазарот на труд и академски настап. За оваа цел беше ангажиран експерт кој опсежно ја образложи темата поврзан со пазарот на труд. Беа спроведени осум сесии на кои студентите се стекнаа со знаења кои ќе помогнат во нивниот иден професионален и кариерен развој. Во оваа активност беа вклучени 10 корисници (7 женски и 3 машки)

Тренинзите покрај копмпонетат за учење и развој придонесуваат и за поголема социјализација, дружење, комуникација како и потикнување на заеднички иницијативи и вмрежување.



Кариерно советување и кариерен план

Кога размислуваш за својата кариера, можеби веќе си слушнал/а различни тврдења за тоа што е „правилен“ избор, како треба да се гради успех и што значи добра кариера. Некои од овие верувања се митови што можат да создадат погрешни очекувања или да те ограничат во размислувањето за идните можности. Важно е да ги препознаеш и да размислуваш критички за твоите избори, наместо да се водиш според погрешни претпоставки.

Десет средношколци учествуваа беа заинтересирани за фомирање на свој бизнис и понатамоѓно вклучување во мерката самовработување.

Во рамките на проектот Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во средното образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европска Унија и РЕФ, за период од 4 месеци, десет средношколци беа вклучени во активноста кариерно советување, во соработка со експерт кариерно советување. Овие средношколци учествува на месечни состаноци каде што беа информирани за тековните потреби на пазарот на трудот, овозможувајќи им на средношколците во четврта година да донесат информирана одлуки за својата идна професија. Како директен резултат на оваа активност беа подготвени 10 индивидуални кариерни планови кои преставуваат основа за лицата кои што сакаат да транзитираат на пазарот на труд подготвено да аплицираат во некоја од мерките на Агенцијаа за вработување, со посебно внимание на можностите за савработување преку оформување на свој сопствен бизнис. На овие средношколци им е потребна помош и подршка во понатамошниот процес на аплицирање во АВРСМ за добивање на грант или кредит. На дел од нив ги упативме и во УНДП , РЕДИ  и Ромалитико како професионални организации кои може да помогнат во реализацијата на идејата

Кариерното советување е многу повеќе од еднократен разговор, тоа е можност да го насочиш својот

професионален пат со јасна визија и план. Ми беше задоволство што бев од овој процес затоа што ова што го слушнав не го учиме на училиште, вели еден од вклучените средношколци во оваа активност.



Заради директна подршка во образовниот процес и создавање на квалитетни резултати кај средношколците во рамките на проектот: „Зголемување на пристапот и учеството на средношколците Роми во средното образование и транзицијата на пазарот на трудот“, финансиран од Европска Унија и РЕФ се спроведоа и активности за менторство и туторство.

Менторство и туторство за ученици Роми

Менторството и туторството се клучни за поддршка на учениците Роми во средното образование.

Менторите обезбедуваат лична и емоционална поддршка, помагаат во развивање мотивација и самодоверба, особено кај учениците со социјални и економски предизвици. Во рамките на проектот беа ангажирани врснички ментори од редот на дипломирани Роми кои што спроведуваа менторски средби со средношколците.

Во рамките на проектот п беа менторирани на 10 средношколци Роми за кој што беа ангажирани ментори за период од два месеци.

Заради зголемување на стапката на дипломирање на Ромите на универзитетско ниво, десет средношколци и тутори беа вклучени во активноста туторство. Според резултати од проектот сите вклучени средношколци успешно преминаа во следната средно учебна година.

Funded by
the European Union





Активни средношколци го создаваат потенцијалот на ромската заедница
Мрежата од активни средношколци, го претставува потенцијалот на ромската заедница и на Ромаверзитас.
Поради неколкугодишното отуство на директна работа на Ромаверзитас во областа на средното образование, се создаде јаз во однос на уписот на средношколците во високо образование како и намалување на севкупната бројка на дипломирани студенти Роми. Со оваа иницијатива се создаде компактна група од минимум 3 до 5 активни средношколци кои активно се подготвени да иницираат и да ги поткнуваат младите да се вклучат во активностите на Ромаверзитас.

Funded by
the European Union

romaversitas
north macedonia

ROMA
EDUCATION
FUND

The project is funded by the European Commission through the Director-
ate- General for Neighbourhood and Enlargement Negotiations and is imple- mented by Roma Education Fund Romania and Roma Education Fund Serbia